UDK 316.774:37

# МЕДИУМСКАТА СОДРЖИНА КАКО ОБРАЗОВЕН РЕСУРС

**Кирил Барбареев,**
Професор, Универзитет „Гоце Делчев“,
E-mail: kiril.barbareev@ugd.edu.mk

**Горанка Марковиќ**
Учителка, ОУ „Живан Маричиќ“ - Жича,
E-mail: gorankamarkovic@yahoo.com

**Николина Атанасова,**
Студент – Дипломиран новинар и менаџер за односи со јавност, Универзитет „Гоце Делчев“,
E-mail: nikolina.atanasova93@gmail.com

**Апстракт**

Овој труд се обидува да покаже како да се искористат квалитетните медиумски содржини во образованието. Поточно како медиумските содржини да се искористат како образовен ресурс. Во трудот детално се разработува поимот квалитетна медиумска содржина. Се потенцираат критериумите за квалитетна медиумска содржина како и се потенцира важноста на квалитетните едукативни содржини во наставата. Се дефинира поимот образовен ресурс, а ќе бидат прикажани и важни статистички податоци поврзани со темата. Во трудот детално ќе биде претставена низа тематски образовни филмови и медиумски содржини. Дел од нив се настанати на часовите од редовната настава во училиште, некои се резултат на воннаставни активности или се дел од студентска пракса. Базата образовни медиумски содржини е креирана од страна на авторите на овој труд, но во трудот ќе бидат прикажани и медиумски содржини од други автори или образовни медиумски продукции. Со отворањето на медиумски едукативен канал би се овозможил регистар на образовни медиумски содржини, каде што наставниците би имале прегледен увид во која тема која медиумска содржина би ја примениле. Овој вид образовен ресурс е од големо значење за реализација на квалитетна и современа настава.

***Клучни зборови**: медиумски содржини, образование, образовен ресурс, современа настава*

# MEDIA CONTENT AS AN EDUCATIONAL RESOURCE

**Kiril Barbareev**
Professor, Goce Delcev University
E-mail: kiril.barbareev@ugd.edu.mk

**Goranka Markovic**
Teacher, elementary school "Zivan Maricic" – Cica
E-mail: gorankamarkovic@yahoo.com

**Nikolina Atanasova**
Student - Graduate Journalist and Public Relations Manager, Goce Delcev University,
E-mail: nikolina.atanasova93@gmail.com

**Abstract**
This paper suggests a way in which quality media content should be properly used in education. More precisely, this paper suggests a way in which media content should be used as an educational resource. The term "media content" is herewith being elaborated in detail. The criteria for quality media content, as well as the great importance of quality educational content in the teaching process are emphasized. The term "educational resource" is defined, and we shall also present important statistical data related to this topic. A series of thematic educational films and media content will be thoroughly presented in this paper. Some of these films have been incurred during regular school classes, while some are a result from extracurricular activities, or are a part of student practice. The educational media content data base is created by the authors of this paper, nevertheless, this paper will also include media content from other authors or educational media productions. The opening of a media educational channel shall enable the establishment of an educational media content register, where teachers would have a clear insight into which unit/theme they would use media content. This type of educational resource is of a great importance for the realization of a high quality and modern teaching.

***Keywords**: media content, education, educational resource, contemporary education*

## 1. Зошто се важни медиумските содржини како образовен ресурс.

Во „Новинарски лексикон“ на Веле Смилевски медиумот е дефиниран како *„Средство за пренесување на пораки од изворот на информации до реципиентот“;* или *„Посредник меѓу комуникаторот и аудиториумот“.*[1] Вујаклија смета дека медиум претставува *„нешто што се наоѓа во средина или нешто што претставува средина, околина или среден пат“; „Посредник со кој се*

[1]Smilevski V. *Novinarski leksikon: so primeri*. Matica makedonska, Skopje, 2001, p 125

*пренесува дејство"* [2] Додека пак за истиот поим во Современиот лексикон на странски изрази од Љубо Миќуновиќ стои со следново значење: *„Средство за пренесување на комуникации (говор, печат, радио, телевизија, филм и сл.)" итн...* [3] Сите овие дефиниции се точно, но сите тргнуваат од различен агол. *„Медиум"* е збор од латинско потекло, а додека ***содржина*** претставува нешто што се наоѓа некаде, или нешто што се содржи некаде, поточно она од што се состои нештото.[4] За секој поим во литературата можат да се сретнат многу дефиниции. Различни научници, на различен начин и со различни зборови може да дефинираат еден ист поим со различно, исто или слично значење, а притоа ништо да не е невистинито. Според дадените дефиниции образовна медиумска содржина би била *„Средство чија што содржина има за цел да пренесе едукативна порака од изворот на информации до реципиентот."*
Квалитет е збор од латинско потекло и истиот значи својство, особина, вредност, добродетел [5] Квалитетно – нешто што е добар квалитет, нешто што е од вредност.[6]

Ако знаеме дека образованието претставува стекнување на знаење, а „ресурс" е помошно средство[7], тогаш образовен ресурс можеме да заклучиме дека е **„помошно средство за стекнување на знаење".**

**Доаѓаме до заклучок дека образовните медиумски содржини како средства за пренесување на едукативни пораки се значајно помошно средство за стекнување на знаење.**

Целта на едукативниот медиумски производ е да му олесни на воспитувачот/учителот при реализирањето на активноста но и на родителите. Современите медиумски едукативни содржини како нагледни средства треба да бидат новите надградени прирачници, учебници, сликовници. Тие треба да содржат видеа, анимации, илустрации, 3D ефекти, инструкции сл. Тие треба да се новиот дополнителен материјал кои ќе им помогне на наставниците полесно да се справуваат со предизвиците во образованието на 21 век. [8]

## 2. База едукативни содржини креирани од авторите

### 2.1. Глистон патува низ земјата

„Глистон патува низ земјата" е проект на авторите: Проф. д-р Кирил Барбареев и проф. д-р Блажо Боев, а додека автор на книгата е Драган Миловановиќ.

[2] Vujaklija, M. *Leksikon stranih reči i izraza*. Prosveta, Beograd, 1975, p 554
[3] Mićunović, Ljubo. *Sovremen leksikon na stranski zborovi i izrazi*. Naša kniga, 1999, p 365.

[4]http://www.makedonski.info/search/%D1%81%D0%BE%D0%B4%D1%80%D0%B6%D0%B8%D0%BD%D0%B0
[5]Mićunović, Ljubo. *Sovremen leksikon na stranski zborovi i izrazi*. Naša kniga, 1999, p 285.
[6] Vujaklija, M. *Leksikon stranih reči i izraza.* Prosveta, Beograd, 1975, p 554
[7] Vujaklija, M. *Leksikon stranih reči i izraza.* Prosveta, Beograd, 1975, p 829
[8] Атанасова, Н; Барбареев К; *Зашто је неопходан специјализован ТВ канал за образовање,* Универзитет у Крагуевцу, Факултет техничких наука у Чачку, 316.774:37-053.6, 2019 pp.31

Проектот претставува аудио книга со илустрација. Постои печатено и аудио издание од книгата. Содржината е приспособена соодветно на децата од претучилишна и раноучилишна возраст и е прилагодена на нивните можности и капацитети. Го доловува и опишува овој чудесен свет на начин достапен за децата. Има за цел да ги поттикне и промовира позитивните човечки вредности, како љубопитноста, истражувачкиот дух, желбата да се учи и проучува, кои се стекнуваат уште од најмала возраст. Напишана е на креативен начин, со лесен и разбирлив јазик. Содржи интерактивна можност за стекнување на знаење и вклучување на детските креативни потенцијали. Содржи одлични дидактичко-методски предиспозиции и поседува можност да се интегрира во методското планирање на наставата на најразлични начини.

## 2.2. Бесконечно царство

Бесконечно царство е долгорочен проект кој има за цел да прерасне во едукативна платформа која ќе креира медиумски образовни ресурси неопходни за наставата во 21 век. Неговите почетоци започнуваат во една од локалите телевизии во Кочани како авторски проект на Николина Атанасова. Проектот опфаќаше раскажување на приказни со илустрации во вид на видео материјал. „Бесконечно царство“ добива нова димензија како дипломски труд на авторката под менторство на проф. д-р Кирил Барбареев прикажувајќи целосно нов концепт за учење на македонската азбука преку видео материјал. Во склоп на овој голем проект авторката изработува и други едукативни видеа како: „Тажниот осамен змеј“, „Да ја згазиме трговијата со луѓе со знаење“, „Јана и Бојан“ и сл.

## 2.3. Продукција за образовни филмови

Базата образовни филмови на ОУ „ Живан Маричиќ " од Жича претставува уникатни образовни филмови кои ги работи учителката Горанка Марковиќ заедно со своите ученици во соработка со колеги, соработници и родители. Настанати се во учлницата при реализација на наставата или се дел од воннаставни активности. Целокупниот процес на создавање филм се случува во училишното студио, во кое ги поседуваме сите елементи потребни за снимање и монтажа. Во овој иновативен пристап во наставата ги споивме иновативност и креативност на наставниците со современата технологија и ја направивме наставата современа и богата. Учениците се на прво место во наставниот процес а со ова им се дава можност да создадат и реализираат идеја.

Образовните филмови се креирани со подршка од локалната заедница. Наша долгогодишна цел е да создадеме национална база на образовни филмови, која ќе биде верификувана од Министерството за образование на Република Србија со цел овие обраовни ресурси како нагледно средство да бидат користени од што повеќе просветни работници.

Филмската продукција на училиштето започна да се развиива со посетата на Училишната редакција на националната телевизија во Србија РТС во октомври 2012год. Учениците и наставниците учествуваа во снимањето на две епизоди од образовната емисија „Под отворено небо“

Првата емисија се вика **„Патувањето на Свети Сава“** и ги води гледачите низ живописниот крај на Краљево преку планината Гоч. Емисијата содржи елементи на амбиентална настава.
https://youtu.be/F6beqiM55ZI
Втората емисија го носи името **„Жичкиот манастир и кралскиот град“** и е снимена на културни и историски локалитети. Епизодите се прикажуваат во рамките на училишниот програм на РТС веќе неколку години.
https://youtu.be/apxfNuStIXQ
Образовниот филм **„Жички подвици’’** е филм за раѓањето и животот на Свети Сава. Сценариото е направено во соработка со колегите, родителите и учениците. Филмот е снимен во манастирот во Жича.
Видео клипот **„Нашата Жича’’** е настанат за потребите на фестивалот за кратки видео-филмови во Лесковац 2014 год. и е воедно најмногу наградуваниот филм од школската продукција.. На фестивалот беше прогласен за најдобар филм, а освои награда и од публиката на конкурсот од страна на Друштвото за академски развој од Белград каде што добивме признание „Витез од културата за 2015“. https://youtu.be/3ehaA_6FN5U
Рекламниот **„LIP DUB“** беше дел од „КРЕФ“ фестивалот. Истиот се снима со еден кадар со весела музика во позадина и неговата цел е да го проследи гледачите низ училиштето на креативен начин.
https://youtu.be/IhFgPkH8SA8
Образовниот филм **„Леб“** е дел од интегрираната настава предвидената во наставната програмата. Претставува спој од четири наставни предмети. Во неговата содржина е прикажано одгледувањето на житните култури, процесот на производство на леб и значењето на лебот во народната и уметничка литература,од семе до производ.
https://youtu.be/7bo8OJU_PpU
Видеото **„Бајката за рибарот и рипката’’** е интерактивен пристап преку драматизација на книжевно дело. Целта е да се запознаат учениците со руската бајка преку иновативен метод.
https://youtu.be/CVMOQF6dGZY
**„Вредните луѓе од мојот крај’’** е резултат на амбиенталната настава како дел од наставната програма по природа и општество. Учениците во видеото се прикажани како едукатори и водичи при прикажувањето на природното богатство и занаетите. Ова видео претставува спој од повеќе наставни содржини и е победник на фестивалот во повеќе категории како и оскаровец на „КРЕФ“.
https://youtu.be/eFtUHv1Fpn4
Филмот **„На изворот за обновлива енергија’’** е создаден во соработка од две училишта од различен крај. Во него е прикано значењето и примената на недоволно искористените обновливи извори на енергија. Подигнување на еколошката свест кај учениците преку учење од експерти во природен амбиент .
https://youtu.be/3iKQA_rkTd8

## 3. Позитивна пракса на квалитетни едукативни содржини во светот

### 3.1 „Sesame Street"

Оваа телевизиска емисија за деца постои уште од 1969. Во неа е направен спој од куклен театар, актери и анимација зборатена со квалитетна музика и веснички за деца. Истата се фокусира на широк спектар едукативни теми како што се учење на азбуката и буквите, управување со конфликти и емоции, танцување и промовирање на здрав начин на живеење. [9]

### 3.2 „Pikku kakkonen" - https://www.youtube.com/watch?v=UZ0jJtBgbZU

„ **Pikku Kakkonen** " е емисија за најмалите која се емитува од 1977 до ден денес на националната државна телевизија во Финска. Со текот на годините прераснува во огромен проект кој ги опфаќа содржини за деца од секаков вид што се емитуваат на финскиот националниот сервис.

### 3.3 Едукативните емисии на CBeebies каналот

### 3.1.1. Old Jack's Boat - www.bbc.co.uk/cbeebies/**old-jacks-boat**

Емисијата започнува да се емитува од 2013 година, Претставува комбинација од жива акција и анимација. Станува збор за капетан на брод кој раскажува за неговите авантури на море заедно со своето куче.

### 3.1.2 Mr. Bloom's Nursery - www.bbc.co.uk/cbeebies/shows/**mr-blooms-nursery**

Емисијата започнува да се емитува од 2013 година, Претставува комбинација од жива акција и анимација. Емисијата е дел од овој канал од 2012 година. Се работи за градинар кој во својот тим вклучува млади помошници, кој имаат потенцијал да му помагаат при засадувањето и одгледувањето растенија. Mr Bloom's Nursery е детска телевизиска емисија во која главниот лик Mr Bloom кои истовремено и ја води емисијата го игра Ben Faulks. Тој е градинар кој им помага на децата да се вклучат во одгледувањето растенија и да се инспирираат од природата. Во секоја епизода се вклучени мала група дечиња кој се во посета на неговото студио. Неизбежно е присуството на куклите - зеленчуци кој ја прават емисијата уште поинтересна за дечињата.

### 3.1.3 Nina and the Neurons

www.bbc.co.uk/cbeebies/shows/**nina-and-the-neurons**

Nina and the Neurons со емитување започнува во 2007 година. Наменета е за деца од 4 до 6 години за да им помогне да ја разбере основната наука. Нина е невролог и има пет неврони. Тоа се анимирани карактери кои ги претставуваат петте човечки сетила и се наоѓаат во нејзиниот мозок. Истите и помагаат да го пронајде одговорот на научното прашање.

[9] Heather L. Kirkorian, Ellen A. Wartella, and Daniel R. Anderson. *Media and Young Children's Learning*, Media, University of Massachusetts–Amherst, Massachusetts, 2008, p 41

**3.1.4 CBeebies Bedtime Story -**www.bbc.co.uk/**cbeebies**/shows/**bedtime-stories**

Се емитува од 2009 а во него познатите им читаат приказни за спиење на дечињата.
**3.1.5 I Can Cook -** www.bbc.co.uk/cbeebies/shows/**i-can-cook**

Оваа серија своето емитување го започнува во 2009 година. Нејзин водител и основач е Кети Ашворд која демонстира како да припремите и зготвите едноставни јадења. Емисијата е збогатена со музика а фокусот е насочен кон создавање на креации во една чинија, без оглед на тоа дали е солено или благо. Како програма која е наменета за деца, јадењата се едноставни за подготовка. Пред се шоуто има за цел да ги поттикне децата да приготвуваат јадење, но покрај тоа и да се едуцираат за храната што ја консумираат. Емисијата се снима и надвор од студиото, во природа за да им го објасни на најмалите процесот на садење и одгледување на растенијата кој се клучни состојки при подготовката на јадењата.

**3.4 Фазони и фори -** https://www.youtube.com/watch?v=ZdvmB8yk67s

Оваа емисија трае повеќе од 35 години со неколку прекини. Концептот го креира познат српски писател за деца Љубивој Рашумовиќ. Со нов модерен концепт за емисијата прилагоден за денешната најмлада публика продолжува неговиот син Вук. Тој ги преработува и осовременува содржините за децата во 21 век. Во емисијата децата се во улога на водители, кои повикуваат возрасни од различни бранши и учат од нив.

**3.5 Едукативни содржини од историско значење**

**3.5.1 Коцка коцка коцкичка** – https://www.youtube.com/watch?v=YFSZEnEWsnE

Децата од претшколска возраст заедно со главниот воспитувач и водич Бранко учат и истражуваат за различни теми. Од учење за професиите, посетувања значајни места и локалитети до збогатување на знаење од секаков можен начин кој би бил во интерес на децата.

**3.5.2 Бушава азбука -** https://www.youtube.com/watch?v=Sfb3Y3EwBMA

Серијата е создадена од 1985, во продукција на Македонската радио телевизија (МРТ). Се смета за најуспешниот производ на МРТ кога станува збор за учење преку медиумите. Концептот е насочен кон детското образование преку запознавање со македонската книжевност, култура и традиција преку музика, цртан филм, актерска игра. Емисијата има 31 епизода, во просек трае 29 минути и е посветена на буквите во македонската азбука.

**„Коца, коцка коцкичка“** и **„Бушава азбука“** се две емисии со сосема различен концепт кои имаат подеднакво важно значење кога станува збор за медиумските нагледни средства. Иако се веќе дел од минатото претставуваат историско

богатство. Нивните сценарија преработени и прилагодени за модерното живеење повторно би доживеале успех.

## 4. Резултати од истражување

Децата се идентификуваат со ликовите кои ги среќаваат во медиумите. По 97% од двете категории испитаниците (родители и воспитувачи) сметаат дека недостасуваат едукативни медиумски содржини за деца во медиумите во Македонија. Дел од испитаниците сметаат дека е потребен соодветен кадар за креирање на едукативни содржини.73% од воспитувачите сметаат дека технологијата може да им го олесни процесот на едукација. 97% од нив би сакале да користат квалитетни едукативни медиумски содржини изработени од професионалци како помошно средство во наставата. Ова се само дел од заклучоците кои се донесени од истражувањето.

Податоците кои се изнесени во научниот труд се добиени со помош на техниката анкетирање со два анкетни прашалници, а за добиените податоци постои квантитативна анализа . Една од целите беше да се испитаат мислењата и ставовите на родителите, воспитувачите и стручната јавност за позитивните и негативните ефекти на програмските содржини на електронските медиуми врз децата.

Истражувањето е интердисциплинарното и тимско. Претставува завршен проект на вториот циклус студии на студентот Николина Атанасова, чиј ментор е професорот Кирил Барбареев. Темата носи наслов „Децата и медиумите“ и неговата реализација започна во декември 2016. Истражувањето заврши во јуни 2019. Во него меѓу другото учествуваа 1030 родители на деца на возраст од 2 до 6 год. и 113 воспитувачи кои се дел од образовниот процес.

## 5. Квалитетно и современо образование на 21 век

На современото образование треба да се гледа како интерактивен процес. За разлика од минатото каде што во традиционалното образование учителот беше извор на информации, денес истиот треба да биде водич кој ќе го покаже вистинскиот пат. Сосема иста е ситуацијата и со медиумите. За разлика од минатото во кое медиумите беа извор на информации денес тие се креатори на мислење. Да се користат медиумите во образованието во 21 век значи да се креира мислење кое има силна образовна компонента. За разлика од минатото каде што важно беше да се стекне знаење, денес уште поважна е примената на стекнатото знаење, стекнување на вештини. Сето тоа е неопходно за модерното живеење. Образованието на 21 век треба да ги инспирира и мотивира идните генерации.

Еден таков тип на медиум претставува телевизија од затворен тип. Медиум кој е создаден уште многу одамна, но неговата примена и покрај големите бенефиции и денес не е многу честа. Станува збор за телевизиска продукција од затворен тип која се занимава со производство на образовни содржини кои се исклучиво дел од наставната програма. Содржините се емитуваат во затворена мрежа и имаат за цел да едуцираат и се прилагодени на потребите на училиштето, учениците и наставниците. Овој систем не е многу популарен во наставата бидејќи бара квалитетен стручен кадар за подготвување на содржините. Исто така поради

финансиски причини не секоја образовна установа може да си дозволи нагледни средства од ваков тип. Сепак идеална комбинација за произведување на содржини од ваков тип е креирање на база и споделување на истите на државно ниво.

## 6. Заклучок

Медиумските содржини денес нудат широк спектар на различни информации, од кои не сите се корисни за децата. Сепак можат да бидат многу корисни доколку се истакне образовната компонента и се изработуваат од професионалци. Голем број емисии, цртани филмови или друг вид медиумски содржини секојдневно се пласираат на најмладата публика. Некои од нив се на мајчин јазик, а некои на популарните странски јазици. Сепак не постои квалитетна анализа на содржините како и образовната компонента во голем дел од истите е изоставена или сведена на минимум. Изоставени се и различните културолошки и традиционални вредности.

Квалитетното и современо образование се темели на поттикнување и развој на критичко мислење кај децата. Треба да научат да ги селектираат информациите и да избираат релевантни извори при формирање на сопствени мислења и ставови. Важно е да им се разбуди свеста за препознавање негативните содржини и нивното штетно влијание. Овој процес е долготраен, но би дал високи резултати. На проблемот треба да се пристапи од повеќе аспекти со повеќе различни креативни решенија.

Еден од предлозите кои го нудат авторите на овој труд веќе е развиен и функционира преку произведување на образовни медиумски содржини кои можат да се користат како образовни ресурс.

Потребно е поголемо разбирање, финансиска поддршка и подигање на јавната свест за важноста на образовните медиумски содржини и на штетноста од неквалитетните медиумски содржини. Потребно ни квалитетно, современо и достапно образование за идните генерации. Квалитетните медиумски содржини во комбинација со квалитетни учители и медиумски работници можат да ја остварат оваа цел.

## Користена литература

Атанасова, Н; Барбареев К; *Зашто је неопходан специјализован ТВ канал за образовање,* Универѕитет у Крагуевцу, Факултет техничких наука у Чачку, 316.774:37-053.6, 2019

Атанасова, Н; *Децата и медиумите*, необјавен магистерски труд, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

Барбареев, К; Миловановиќ, Д; Боев, Б., *Глистон патува во Земјата,* Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2012

Без автор., *Дигитален речник на македонски јазик – Содржина, 2019* URL=http://www.makedonski.info/search/%D1%81%D0%BE%D0%B4%D1%80%D0%B6%D0%B8%D0%BD%D0%B0 Македонски инфо. Преземено на 10 Јуни 2019.

Несторoска, Б., *Унковски и Стефановски работат на втор дел од култната тв-серија „Бушава Азбука“*, 2019. URL=https://sdk.mk/index.php/magazin/unkovski-stefanovski-rabotat-na-vtor-del-od-kultnata-tv-serija-bushava-azbuka/ Сакам да кажам. Преземено на 10 Јуни 2019.

Heather L. Kirkoria, Ellen A. Wartella, and Daniel R. Anderson. *Media and Young Children's Learning*, Media, University of Massachusetts–Amherst, Massachusetts, 2008,

Smilevski V. *Novinarski leksikon: so primeri*. Matica makedonska, Skopje, 2001

Vujaklija, M. *Leksikon stranih reči i izraza.* Prosveta, Beograd, 1975

Mićunović, Ljubo. *Sovremen leksikon na stranski zborovi i izrazi*. Naša kniga, 1990.